РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Средно општинско училиште Гимназија
"Славчо Стојменски" Ц.О.
Бр. 03-169/20
27.05. 2021 год.
ШТИП

Друштво за производство, трговија и услуги
ЕНЕРЏИ АКТИВЕ увоз-извоз ДООЕЛ
Бр. 0301/1928-21
31.05. 2021 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР
# ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА СТОКИ

ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1.СОУ Славчо Стојменски - Штип, ул. „Васил Главинов" бр. 4 Штип, ЕДБ 4029965111282, ЕМБ 4051246, жиро сметка 774010696390312, претставувана од Директор Тамер Јамаковски, како договорен орган и
2. Енерџи Активе ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Народен Фронт бр. 27/2-3, со ЕДБ 4080013537869, застапувано од управителот Наташа Дограмаџиева - Манева, (во понатамошниот текст „Носител на набавката") од друга страна.

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој договор е Набавка на електрична енергија за потребите на СОУ Славчо Стојменски-Штип согласно понудата на продавачот доставена по Огласот за доделување на договор за јавна набавка Набавка од мала вредност бр. 04925/2021 за набавка наелектрична енергија за потребите на СОУ Славчо Стојменски-Штип за период од една година.

## II.ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Вкупната вредност на Договорот ќе се утврди врз основа на реално испорачаните количини на електрична енергија, но не повеќе од 450.000,00 денари без ДДВ, односно 531.000,00 денари со вклучен ДДВ.

Договорниот орган го задржува правото да не ги реализира сите предвидени средства за времетраење на договорот.

Единечна цена на електрична енергија со вклучени: трошок за електрична енергија, трошок за планирање и номинирање на потрошувачката и увозни царински давачки , без ДДВ изнесува 3,91 денари./ Kwh

Цената ги вклучува сите трошоци за испорака на електричната енергија до местото на испорака:трошок за електрична енергија, трошок за планирање и номинирање на потрошувачката, трошок за балансирање на потрошувачката и увозни царински давачки и истите се фиксни и непроменливи за целосно времетраење на договорот.

Член 3

Договорниот орган се согласни дека останатите трошоци поврзани со потрошената електрична енергија од страна на набавувачот и тоа:надоместок за електрична енергија од повластени производители и надоместокот за користење на пазарот за електрична енергија кои се законски регулирани ќе бидат дел од документот за плаќање (фактурата) издадена од добавувачот.За истите е дозволена корекција на цени во зависност од процентуалното учество и просечните цени за добавувачот објавени од страна на надлежно тело, согласно позитивна законска регулатива.

## III.ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 4

Договорот се склучува на определено време, за период од 12 (дванаесет) месеци започнувајќи од склучување на договорот до целосно исполнување на обврските од двете договорни страни.

## IV.РОК И МЕСТО НА ИСПОРАКА

Член 5

Носителот на набавката е должен да го испорача предметот на договорот преку соодветниот електроенергетски систем. Тој ќе го снабдува Договорниот орган со електрична енергија врз основа на потребите на Договорниот орган, редовно (непрекинато 24 часа во денот за целото времетраење на договорот) до сите мерни места од

техничката спецификација на Договорниот орган. Носителот на набавката е должен да ја преземе на себе балансната одговорност и да го вметне Договорниот орган во својата балансна одговорна група.

Носителот на набавката е должен непречено да дозволи отварање на нови приклучни места или укинување на постоечките, за што ќе биде благовремено известен.Договорниот орган го задржува правото да врши зголемување или намалување на бројот на мерни места, според потребите. Мерењето на испорачаната електрична енергија го врши операторот на дистрибутивниот систем.

За сите планирани прекини Носителот на набавката е должен да го информира договорниот орган најкасно 24 часа пред прекинот, за период од понеделник до петок. Доколку прекинот е планиран да се реализира во сабота, недела или утринските часови од понеделник, информацијата за прекинот на испорачување на електрична енергија се доставува најкасно до 14 часот во петокот, пред викенд деновите, во спротивно ќе треба да ја надомести настанатата штета.

Носителот на набавката прифаќа отстапување од претпоставените количини на електрична енергија на месечно и годишно ниво, во зависност од временските услови и потрошувачката на електрична енергија. Договорниот орган нема обврска да изврши целосна набавка на апроксимативните количини на електрична енергија како и да врши нејзино плаќање.

## IV. НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

Член 6

Фактурирањето и плаќањето на фактурите ќе се врши врз основа на реално испорачаните количини во договорниот период на месечна основа, а според порамнувањето согласно Правилата за пазар со електрична енергија во местата на испорака и под услови предвидени во Договорот што ќе се склучи со најповолниот понудувач.Носителот на набавката се обврзува да издаде месечна фактура во печатена форма за потрошената електрична енергија и да ја достави во архивата на Договорниот орган, во оригинал.

Месечната фактура ќе биде издадена и доставена на Договорниот орган најдоцна до 15-ти во тековниот месец, а ќе гласи за претходниот месец. Договорниот орган е должен да му ги плаќа на Носителот на набавката месечните фактури во рок од 60 (шеесет) дена, сметано од денот на приемот на фактурата.

Плаќањата по доставените фактури ќе се врши преку банкарска трансакција, на жиро сметка на Носителот на набавката, наведена во фактурата.

## V. ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ

Член 7

Договорните страни се ослободуваат од одговорност за преземените обврски по овој договор во случаи, настани и околности што се предизвикани независно од волјата на договорните страни, а што го отежнуваат или оневозможуваат исполнувањето на Договорот.

Член 8

Како случаи и околсности настанати независно од волјата на договорните страни се сметаат: војна, воени дјествија, мобилизација, штрајк, пожар, сообраќајни и други катастрофи, акти на органите на власта, акти или такви нарушувања на пазарот кој во значителна мера ќе го оневозможи континуираното снабдување со нафтени деривати и во други случаи што непосредно влијаат врз извршувањето на обврските.

## VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 9

Овој договор важи за период од една година од денот на неговото склучување.

Член 10

Овој договор може да биде менуван во согласност со волјата на двете договорни страни и сите измени и дополнувања можат да се вршат само по писмен пат.

Член 11

Во случај на спор, договорените страни се согласни спорот да го решат спогодбено, а доколку тоа не е можно, согласни се да решава надлежниот суд во Штип.

Член 12

Овој договор е склучен во 4 (четири) еднакви примероци, од кои по 2 (два) за секоја договорна страна.

| ЕКОНОМСКИ ОПЕРАТОР | ДОГОВОРЕН ОРГАН |
|---|---|
| Енерџи Активе ДООЕЛ Скопје | |
| Директор | СОУ Славчо Стојменски-Штип |
| Наташа Дограмаџиева - Манева | Директор |
| | Тамер Јамаковски |

Енерџи Активе увоз-извоз ДООЕЛ Скопје

„Славчо Стојменски" Штип